И министерката се изглупира со тортата

Ех, ја дочекав и оваа посластица, да ја видам министерката за култура како ја сече тортата за 61 роденден на Охридско лето кое е родено во 1961, а оваа 2021 го слави 61-от роденден. Бидејќи работи како научник во Институтот за историја, сега очекувам дека ќе побара да се ревидираат сите годишнини и јубилеи и посебно да побара оваа година да се слави 31 година независност бидејќи, нели, од 1991, 30-тиот роденден бил лани 2020, а не годинава. Посебно ми е драго што по три текста за оваа циркузарија, и натаму сѐ си продолжува, односно кој ве, ако ние прогласиме нешто така ќе биде, бидејќи со самото поставување на функции, ние сме најпаметните, најубавите итн. Драго ми е што во оваа ревизија на родендени, ќе се помести и мојот роденден, па веднаш ќе почнам да си славам 70 години, чисто да знаете за да ми честитате. А и полнолетноста (со тоа и возачките дозволи) ќе се поместат за една година, а и да не ви кажам што уште не. И така во мојот 70-годишен јубилеј (роден сум 1952) што уште нема да видам, навистина сме земја на чудата (или глупоста). Еден мој пријател уште пред децении рече дека во Македонија има три ендемски болести: жолтица, тифус и глупост.

Димитрије Бужаровски (5 август 2021)

